# СЛУЖБЕН ВЕСНИК

## на Република Северна Македонија

**Број 149** **5 јуни 2020, петок** **година LXXVI**

**www.slvesnik.com.mk** **contact@slvesnik.com.mk**


**СОДРЖИНА**


| | | Стр. |
|---|---|---|
| 1910. | **Уредба** со законска сила за изменување и дополнување на Уредбата со законска сила за примена на Законот за високото образование за време на вонредна состојба.............. | 2 |
| 1911. | **Одлука** за критериумите и постапката за распределба на средства за финансирање на програмските активности на здруженија и фондации од Буџетот на Република Северна Македонија за мерки за справување со COVID-19 кризата............ | 2 |
| 1912. | **Програма** за финансирање на програмските активности на здруженијата и фондациите за мерки за справување со COVID-19 кризата..... | 3 |
| | **Огласен дел**...................................... | 1-12 |

# ВЛАДА НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА

**1910.**

Врз основа на член 126 став 1 од Уставот на Република Северна Македонија и член 36 став 1 од Законот за Владата на Република Македонија („Службен весник на Република Македонија“ бр. 59/00, 12/03, 55/05, 37/06, 115/07, 19/08, 82/08, 10/10, 51/11, 15/13, 139/14, 196/15, 142/16 и 140/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 98/19), Владата на Република Северна Македонија, на седницата, одржана на 5 јуни 2020 година, донесе

## У Р Е Д Б А
## СО ЗАКОНСКА СИЛА ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ И ДОПОЛНУВАЊЕ НА УРЕДБАТА СО ЗАКОНСКА СИЛА ЗА ПРИМЕНА НА ЗАКОНОТ ЗА ВИСОКОТО ОБРАЗОВАНИЕ ЗА ВРЕМЕ НА ВОНРЕДНА СОСТОЈБА

Член 1

Во Уредбата со законска сила за примена на Законот за високото образование за време на вонредна состојба („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 76/20, 116/20 и 134/20), во член 1 во ставот 2 по зборовите „Агенцијата за квалитет во високото образование,“ се додаваат зборовите „за висината на партиципација во трошоците за студирање за студентите чие образование се финансира од Буџетот на Република Северна Македонија за академската 2020/2021 година, како и организирањето на студиските програми од трет циклус на студии во академската 2020/2021 година.“

Член 2

По членот 4-б се додаваат два нови члена 4-в и 4-г, кои гласат:

„Член 4-в

Максималниот износ на партиципација во трошоците за студирање, за студентите запишани на прв циклус на студии на јавен универзитет во академската 2020/2021 година, чие образование се финансира од Буџетот на Република Северна Македонија, кој се воведува на јавен универзитет, на предлог на единица на универзитет, го утврдува јавниот универзитет, по претходна согласност на Владата на Република Северна Македонија.

Член 4-г

Во академската 2020/2021 година може да се врши упис на нови студенти на студии од трет циклус на студиските програми кои се акредитирани за академската 2020/2021 година, студиските програми на кои им е продолжен рокот за важењето на акредитацијата, согласно членот 2 од Уредбата со законска сила за изменување и дополнување на Уредбата со законска сила за примена на Законот за високото образование за време на вонредна состојба („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 116/20) и студиските програми за кои е започната постапка за реакредитација пред влегување во сила на оваа уредба со законска сила, при што нема да се применува членот 62 став 4 од Законот за високото образование за време на траење на вонредната состојба и по престанокот на траењето на вонредната состојба за академската 2020/2021 година.

Студиските програми од ставот 1 на овој член за кои е започната постапка за реакредитација пред стапување во сила на оваа уредба со законска сила ќе можат да вршат упис на студенти на трет циклус на студии по добивањето на решение за почеток со работа.“

Член 3

Во членот 5 ставот 2 на Уредбата се менува и гласи:

„Постапките за избор на раководни органи на високообразовните установи започнати пред денот на влегување во сила на оваа уредба со законска сила, се ставаат во мирување со денот на влегување во сила на оваа уредба со законска сила, најмалку за време на траењето на вонредната состојба.“

По ставот 2 се додаваат нови ставови 3, 4 и 5 кои гласат:

„Дејствијата преземени во постапките за избор на органите и телата на високообразовните установи до денот на влегување во сила на оваа уредба се сметаат за важечки.

Спроведувањето на останатите дејствија за избор на раководни органи на високообразовните установи, кои започнале пред влегување во сила на оваа уредба со законска сила, продолжуваат по престанокот на траењето на вонредната состојба и по престанокот на ограничувањата утврдени со закон.

Постапките за избор на органи и тела на кои мандатот им истекува за време на траењето на вонредната состојба, за кои не е отпочната или спроведена постапка за избор пред денот на влегување во сила на оваа уредба со законска сила, ќе отпочнат по престанокот на траењето на вонредната состојба и по престанок на ограничувањата утврдени со закон.“

Член 4

Оваа уредба со законска сила влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен весник на Република Северна Македонија“.

Бр. 44-5004/1
5 јуни 2020 година
Скопје

Претседател на Владата
на Република Северна Македонија,
**Оливер Спасовски,** с.р.

---

**1911.**

Врз основа на член 49 став (3) од Законот за здруженија и фондации („Службен весник на Република Македонија“ бр. 52/10, 135/11 и 55/16), Владата на Република Северна Македонија, на седницата, одржана на 5 јуни 2020 година, донесе

## О Д Л У К А
## ЗА КРИТЕРИУМИТЕ И ПОСТАПКАТА ЗА РАСПРЕДЕЛБА НА СРЕДСТВА ЗА ФИНАНСИРАЊЕ НА ПРОГРАМСКИТЕ АКТИВНОСТИ НА ЗДРУЖЕНИЈА И ФОНДАЦИИ ОД БУЏЕТОТ НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА ЗА МЕРКИ ЗА СПРАВУВАЊЕ СО COVID-19 КРИЗАТА

Член 1

Со оваа одлука се утврдуваат критериумите и постапката за распределба на средства за финансирање на програмските активности на здруженијата и фондациите од Буџетот на Република Северна Македонија за мерки за справување со COVID-19 кризата.

Член 2

Распределбата на средствата од член 1 од оваа одлука на корисниците се врши преку грантови за програми (проекти) во приоритетни цели утврдени со Програма за финансирање на програмските активности на здруженија и фондации за мерки за справување со COVID-19 кризата.

Член 3

Основни организациски критериуми кои треба да ги исполнуваат здруженијата и фондациите корисници на средства од Буџетот на Република Северна Македонија се:

1. Да се регистрирани согласно одредбите на Законот за здруженија и фондации најмалку две години пред објавувањето на огласот;

2. Работењето и дејствувањето е насочено кон пошироката јавност или кон малцинските групи и заедници кои се маргинализирани и социјално исклучени;

3. Да не добиле средства или поднеле пријава од/до друг орган на државната управа или други извори за иста намена и активности за кои поднесуваат пријава, а што би значело двојно финансирање на истите активности од различни извори.

Одредбата од став 1 точка 3 на овој член не се однесува на барањата за надомест на делот за кофинансирање на ЕУ проекти од страна на крајните корисници.

Член 4

Проценка на квалитетот на проектите на здруженијата и фондациите кои ги исполнуваат критериумите од член 3 од оваа одлука, се врши врз основа на следните посебни програмски критериуми:

| Области | Максимум бодови |
|---|---|
| 1. Организациски капацитет | 20 |
| Дали здружението/фондацијата има искуство во областа, организациска структура и ресурси за спроведување на проектот | |
| 2. Релевантност на проектот | 30 |
| Колку целта на проектот ќе придонесе кон реализацијата на дадената приоритетна цел; анализа на состојбата и проблемот; избор на целната група | |
| 3. Квалитет на проектот | 30 |
| Дали спроведувањето на активностите доведуваат до остварување на предвидените резултати во проектот; дали планот за спроведување е јасен и остварлив | |
| 4. Буџет | 20 |
| Дали активностите се соодветно изразени во буџетот; оправданост на трошоците | |
| Вкупно | 100 |

Член 5

Распределбата на средствата од член 1 од оваа одлука се спроведува врз основа на оглас што ќе се објави во рок од еден ден од денот на влегувањето во сила на оваа одлука, на веб-страницата на Владата на Република Северна Македонија www.vlada.mk и на www.nvosorabotka.gov.mk.

Член 6

Здруженијата и фондациите кои се пријавуваат на огласот треба да достават:

1. Пријава за финансиска поддршка со предлог – проект;

2. Предлог-буџет со образложение за оправданост;

3. Копие од тековна состојба од уписот во регистарот на други правни лица за регистрација на здружението/фондацијата не постара од шест месеци.

Здруженијата и фондациите не можат да поднесат повеќе од една пријава за финансиска поддршка по огласот.

Член 7

Изборот на проекти се врши од страна на Комисија формирана од Владата на Република Северна Македонија.

Член 8

Доделените средства се користат исклучиво за намената за која се доделени и на начин определен во предлог-проектот.

Здруженијата и фондациите доставуваат извештај за користењето на средствата до Генералниот секретаријат на Владата на Република Северна Македонија, најдоцна до 31 јануари 2021 година.

Член 9

Административно - техничките работи за распределба на средствата ги врши Генералниот секретаријат на Владата на Република Северна Македонија.

Член 10

Оваа одлука влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен весник на Република Северна Македонија“.

Бр. 44-5069/1
5 јуни 2020 година
Скопје

Претседател на Владата
на Република Северна Македонија,
**Оливер Спасовски,** с.р.

---

**1912.**

Врз основа на член 49 став (3) од Законот за здруженија и фондации („Службен весник на Република Македонија“ бр .52/10, 135/11 и 55/16), Владата на Република Северна Македонија, на седницата, одржана на 5 јуни 2020 година, донесе

**П Р О Г Р А М А**
**ЗА ФИНАНСИРАЊЕ НА ПРОГРАМСКИТЕ АКТИВНОСТИ НА ЗДРУЖЕНИЈАТА И ФОНДАЦИИТЕ ЗА МЕРКИ ЗА СПРАВУВАЊЕ СО COVID-19 КРИЗАТА**

1. Со оваа програма се утврдува намената на средствата обезбедени во Буџетот на Република Северна Македонија за 2020 година, Раздел 040.01 - Влада на Република Северна Македонија, Програма П – Мерки за справување со COVID-19 кризата, Потпрограма – 46 Субвенции и трансфери, ставка 464 – Разни трансфери, во вкупен износ од 30.000.000,00 денари.

2. Средствата од точка 1 од оваа програма ќе се користат за финансирање на програмските активности на здруженијата и фондациите за преземање итни мерки за справување со кризата предизвикана од коронавирусот COVID-19, преку грантови во износ од 600.000,00 до 900.000,00 денари, за програми (проекти) во следниве приоритетни цели:

- Информирање на јавноста за мерките и препораките на државните институции за спречување на ширењето на коронавирусот COVID-19 (активности за информирање на јавноста за следење на препораките на Министерството за здравство, особено важноста на придржувањето кон мерката за самоизолација и задолжително носење на заштитна опрема на лицето);
- Правна помош, психолошка помош или совети за безбедност и приспособување за време на пандемија за најзагрозените групи, вклучително и спречување на стигматизација на заразените со коронавирус COVID-19 и лицата во изолација (спречување говор на омраза);
- Помош и поддршка на децата од социјално загрозени семејства и децата од руралните средини за далечинско учење (учење од дома), со примена на средства за електронска комуникација;
- Помош и поддршка во грижата за стари лица, жртви на семејно насилство и други ранливи групи и во нивното приспособување на условите што ги наметна кризата;

- Набавка и дистрибуција на хуманитарна и санитарна помош за социјално загрозените и маргинализираните групи, на локално ниво;

- Едукација, директна помош и поддршка помеѓу лица со хронични болести, лица со ретки болести, стари и изнемоштени лица, лица со зависности, самохрани родители, сексуални работници/чки, групи засегнати од ХИВ, лица со попреченост, ЛГБТИ и други социјално исклучени групи (на пример набавки на прехранбени производи и лекови; обезбедување на храна, прехранбени и хигиенски пакети; психосоцијална поддршка и сл.);

- Директна поддршка за ранливи категории на работници/чки од ниско платени гранки со идејни решенија кои ќе им помогнат да остваруваат приходи за време на криза (на пример воспоставување on-line продавници за земјоделци/ки поединци);

- Директна поддршка за ранливи категории на работници/чки кои се дел од неформалната економија и немаат можност за искористување на мерките на Владата за финансиска помош;

- Поддршка на ранливи групи со ниски примања за да им се помогне со решенија со кои ќе остваруваат приходи за време на кризата;

- Правна помош на граѓаните од најпогодените заедници за да ги остварат правата од мерките кои ги донесе Владата;

- Анализа на влијанието на пандемијата, вклучувајќи ги и економските ефекти од кризата врз жените и ранливите категории и предлози за менување на политиките и мерките;

- Промоција на домашното земјоделско производство, локални капацитети за рурален развој и туризам и локалното производство на храна;

- Антикорупциска проверка на политиките кои се донесуваат во време на криза;

- Предлози за структурни промени и нови политики (во областите здравство, образование, социјална заштита, животна средина и др.) кои ќе гарантитаат социјално-економска правда и правичност;

- Информирање за заштитата на човековите права и ризикот од стеснување на просторот за граѓанските слободи за време на епидемија и вонредна состојба;

- Справување со дезинформации, лажни вести, стигматизација и говор на омраза;

- Активности поврзани со дигитализација и електронска писменост на населението воопшто, односно како да се зголеми довербата во електронската комуникација и работење;

- Онлајн обука и менторство за невработени лица, со фокус на ранливи категории граѓани, за стартување сопствен бизнис;

- Обезбедување на совети и поддршка за развој на онлајн модули за физичка активност со цел подобро ментално здравје за време на пандемија;

- Информирање и едукација на јавноста за практикување на физичка активност со почитување на социјално дистанцирање (развој на упатства, модули).

3. За реализација на оваа програма се грижи Генералниот секретаријат на Владата на Република Северна Македонија.

4. Здруженијата и фондациите на кои ќе им бидат доделени средства согласно оваа програма, по завршувањето на своите програмски активности ќе доставаат извештај за користењето на средствата до Генералниот секретаријат на Владата на Република Северна Македонија, најдоцна до 31 јануари 2021 година.

5. Генералниот секретаријат на Владата на Република Северна Македонија ќе достави Извештај за реализација на оваа програма до Владата на Република Северна Македонија со финансиски показатели и образложение на постигнатите резултати, до 28 февруари 2021 година.

6. Оваа програма влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен весник на Република Северна Македонија“.

| | |
|---|---|
| Бр. 44-5072/1 | Претседател на Владата |
| 5 јуни 2020 година | на Република Северна Македонија, |
| Скопје | **Оливер Спасовски,** с.р. |

СЛУЖБЕН ВЕСНИК
на Република Северна Македонија

www.slvesnik.com.mk contact@slvesnik.com.mk

Издавач: ЈП СЛУЖБЕН ВЕСНИК НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА, ц.о. – Скопје
бул. „Партизански одреди“ бр. 29. Поштенски фах 51.
Директор и одговорен уредник – Мартин Костовски
телефон: +389-2-55 12 400
телефакс: +389-2-55 12 401

Претплатата за 2020 година изнесува 12.200,00 денари.
„Службен весник на Република Северна Македонија“ излегува по потреба.
Рок за рекламации: 15 дена.
Жиро-сметка: 300000000188798.
Депонент на Комерцијална банка, АД – Скопје.

ISSN 0354-1622
2020149